# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
# ЗА 2020 ГОДИНА

## ВОВЕД

Основниот суд во Кочани согласно чл.28 и 31 од Законот за судовите (,,Сл.весник на РМ,, бр.58/06 од 11.5.2006 г.) е во групата на судови со проширена надлежност и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд-Кочани, покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница, определена според цитираните членови.

## 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

### 1. Предметно работење на ниво на суд

| нерешени предмети на почетокот на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2234 | 9386 | 103 | 5 | 11718 | 9231 | 2487 |

Од вака дадениот сумарниот преглед на движење на предметите и обемот на работа на Основиот суд Кочани во 2020 год. се констатира дека овој суд во 2020 година не бил ажурен затоа што судот не успеал да го совлада вкупниот годишен прилив на предметите и не успеал да го намали заостатокот на ниво на суд, додека вкупно на ниво на оддели (граѓански и кривичен) неажурен бил кривичниот оддел, бидејќи приливот не бил совладан и заостатокот се зголемил, додека граѓанскиот оддел бил ажурен, бидејќи приливот е совладан и исто така намален е заостатокот на предмети.

Од сумарниот преглед произлегува дека на почетокот на 2020 год. во Основниот суд во Кочани биле нерешени вкупно 2 234 предмети (вклучувајки ги и повторно заведените), новопримени биле 9 386 предмети, повторно заведени предмети се 103, погрешно заведени биле 5 предмети, па во текот на годината вкупно во работа биле 11 718 предмети, решени се 9 096 редовни предмети и 135 повторно заведени предмети, или вкупно биле решени 9 231 предмет, останале нерешени 2 432 редовни предмети и 55 повторно заведени предмети, или вкупно 2 487 нерешени предмети, со што не е совладан приливот, а заостатокот е зголемен за 253 предмети.

Имајќи во предвид дека Основен суд Кочани е суд со проширена

надлежност, а во моментов иако по систематизација се предвидени 10 судиски места заедно со Претседателот на судот постапуваат по предмети 7 судии и Претседателот на судот, при што од постојните 9 судии 7 години наназад по двајца судии се делигирани во други судови, судот во текот на 2020 год. па судот работи само со 7 судии, судот не можеше успешно да се справи со приливот на предмети во 2020 година ниту да го намали заостатокот. Покрај фактот што оваа година судот работеше со помалку од двајца судии, како причина што приливот не е совладан и заостатокот не е намален е и фактот дека судот работеше во вонредни услови поради општо познатата состојба со пандемијата од вирусот Ковид 19, па така поради спроврдување на мерките на Владата на Р.С.Македонија за заштита на населението од вирусот и препораките на Судскиот Совет на Р.С.Македонија за работа на судовите во вонредна состојба, два до три месеци судот постапуваше само по итни предмети, а поради тоа што и во овој суд имаше голем број на позитивни случаи и случаи со задожитена изолација, како и вработени кои ги користеа мерките за заштита поради хронична болест и како родители на деца до определена возраст, судот дополнително континуирано работеше и со намален број на судии и судски службеници.

Зголемувањето на заостатокот на предмети по Уписник „К" - кривично полнолетни се должи на повеќе објективни околности, пред се поради тоа што во текот на 2020 год. имаше невообичаено зголемен прилив на вакви предмети поврзани со кривичното дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија,, од чл.206 од КЗ, како резултат на актуелната состојба со пандемијата од вирусот Ковид 19, кои кривични дела претходо воопшто не се јавуваа како предмет на работа во овој суд, и особено поради фактот што во почетокот на 2020 год. еден од судиите кој што работеше на оваа материја беше делигиран во друг суд, па од тројца судии кои постапуваа по вакви предмети во текот на 2020 г. постапуваа само двајца судии, и од тие двајца судии еден беше отсутен подолго време поради тоа што беше позитивен на вирусот а другиот судија во изолација поради позитивен член од потесноо семејство.

Зголемувањето на заостатокот на прекршочните предмети на крајот на годината е резултат на зголемен прилив на примени прекршочни предмети на крајот на годината, односно во четвртиот квартал, во месеците Октомври, Ноември и Декември 2020 година новопримени се 450 прекршочни предмети кои реално не можеле да бидат сработени до крајот на годината, имајќи во предвид дека истите требало да бидат насрочени, и во најголем дел тоа се предмети од МВР-ПС Кочани кои навреме во текот на годината не ни биле доставувани до судот на постапување, односно за дејствија од почетокот на 2020 година барањата за поведување на прекршочна постапка ни се доставени на крајот на годината, со што судот во извештајот трпи заостаток на предмети за кои реално немало можност да постапи по нив.

Така, само во месец Октомври 2020 година се примени 175 прекршочни предмети а при крајот на месец Декември 2020 година се примени вкупно 240 прекршочни предмети по кои реално не можело да се постапува до крајот на годината.

Доколку од МВР-ПС Кочани навреме ни биле доставувани

барањата за поведување на прекршочна постапка како што биле сторени прекршоците судот по истите ќе постапувал и немало сега да се појави заостаток на прекршочни предмети кој во целост ја нарушува вкупната слика во годишниот извештај за работата на Основниот суд Кочани во 2020 година.

Во заостатокот на предмети влегува и несовладаниот прилив и кај оставинските предмети по кои постапуваат нотарите и тоа за 219 предмети, за кои судот нема никакви правни средства кои би можел да ги користи за да се намали овој заостаток, освен што е контактирано со нотарите и истите како причина за ваквиот заостаток наведуваат дека имале проблеми со доставата и пронаоѓањето на наследниците па поради тоа не успеале да ги решат предметите односно ги решавале предметите со потешкотии.

## 2. Судска управа

| Вид на предмети од уписник | нерешени предмети на почеток на годината | новопимени предмети | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | 0 | 2011 | 0 | 2011 | 2005 | 6 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТР ДОВ | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| СУ-ИЗЗ | 0 | 105 | 0 | 105 | 105 | 0 |
| УПП | 0 | 13 | 0 | 13 | 9 | 4 |
| СПИ | 0 | 24 | 0 | 24 | 23 | 1 |
| Вкупно | 0 | 2155 | 0 | 2155 | 2144 | 11 |

Со оглед на тоа дека во оваа област заостатокот е од само 11 предмети, од кои поголем дел не се затворени поради тоа што истите се заведени во последните 1-2 месеци од годината и се однесуваат н поведени дисциплински постапки кои се врзани за определени рокови и кои постапки не биле завршени со правосилна одлука, во овој дел судот бил ажурен.

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | број | % | број | % | број | % |
| 2380 | 404 | 17 | 78 | 3,3 | 28 | 1,2 |

Имајќи го во предвид вака добиениот процент на укинати и преиначени одлуки, судот во 2020 година работел со задоволителен квалитет.

## 4. Предметно работење на ниво на кривичен оддел

| нерешени предмети на почетокот на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1481 | 4847 | 48 | 2 | 6374 | 4546 | 1828 |

Причините за несовладување на приливот и зголемување на заостатокот на кривични предмети е образложен погоре од извештајот.

## 5. Предметно работење на ниво на граганскi оддел

| нерешени предмети на почетокот на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 753 | 2384 | 55 | 3 | 3189 | 2541 | 648 |

Во граѓанската област приливот е совладан и заостатокот е намален што се должи на тоа што во оваа област постапуваат во континуитет тројца судии и приливот во оваа област во 2020 година не отскокнуваше од вообичаениот прилив од претходните години, па во оваа област судот бил ажурен.

## 6. Квалитет на предметите на ниво на кривичен оддел

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | број | % | број | % | број | % |
| 1465 | 124 | 8,5 | 30 | 2,1 | 14 | 0,9 |

## 7. Квалитет на предметите на ниво на граганскi оддел

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 915 | 280 | 30,6 | 48 | 5,2 | 14 | 1,5 |

## 8. Состојба со стари предмети – декември 2020 година

| Вид предмет/ основ | 2011 година | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети за кривично полнолетни** | | | 6 | 2 | 5 | 4 | 16 | 13 | 46 |
| **Кривични предмети спрема малолетници** | | | | | | 1 | 1 | | 2 |
| **Повикани лица на издржуваче казна затвор (полнолетни)** | | | | | | 4 | 5 | 11 | 20 |
| **Прекршочни предмети** | | | | 1 | 1 | | 17 | 76 | 95 |
| **Трговски спорови** | | | | | | 1 | | 2 | 3 |
| **Кривичен совет вон главен претрес** | | | | | | | | | |
| **Оставини** | | | 2 | | 4 | 11 | 24 | 29 | 70 |
| **Извршување на кривични парични казни, трош. и паушал** | | | | | | | | 1 | 1 |
| **Имотни спорови** | | | | | 1 | 1 | | 3 | 5 |
| **Семејни спорови** | | | | | | | | | |
| **Физичка делба** | | | | | | | | 1 | 1 |
| **Облигациони спорови** | | | | | | | | 3 | 3 |
| **Извршување на прекршочна глоба,трош.и паушал** | | | | | | 1 | 3 | 29 | 33 |
| **Извршување на крив. и прекр.санкции и алтернативни мерки** | | | | | 1 | 1 | 4 | | 6 |
| **Извршување на одземен имот и предмети** | | | | | 1 | 2 | | | 3 |
| **Вонпарнични предмети** | | | | | | 1 | | 5 | 6 |
| **ВКУПНО** | | | 8 | 3 | 13 | 27 | 70 | 173 | 294 |

По однос на старите предмети зас кривично полнолетни лица основна причина за нивно незавршување е намалениот број на судии кои постапуваат во оваа област, од тројца на двајца судии, недостапноста на обвинетите пред судот, а во дел од предметите причина за нивно незавршување е нивното подолго задржување на вештачење и покрај упатувањето на повеќе ургенции и барања од страна на судиите кои

постапуваат по предметите за враќање на предметите од вештачење.

По однос на старите прекршочни предмети главна причина за нивно незавршување е недостапноста на обвинетите пред судот.

По однос на предметите од граѓанската област кои се водат како стари предмети постари од две години најчеста причина за нивно незавршување е што дел од предметите се враќаат на вештачење повеже пати, а дел од предметите се укинати по вонредни правни лекови, но во оваа област бројот на стари предмети, постари од 2 години е незначителен.

Според месечните и периодични извештаи за состојбата со стари нерешени предмети, и од извршените проверки на старите нерешени предмети од кривична и граѓанска област, произлегува дека предметите не се завршени поради објективни причини, така што судиите настојуваат да ги искористат сите законски можности за решавање на старите предмети.

## 2. КОНСТАТАЦИИ ЗА ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ, ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### 2.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Основен суд Кочани заклучно со 31.12.2020 година има вработено вкупно 42 судски службеници согласно Законот за судска служба, 2 вработени по Законот за работни односи и 9 судии, но во текот на годината постапуваа 7 судии бидејќи двајца судии се делегирани, или во Основен суд Кочани во 2020 година биле вкупно 52 вработени.

И судиите и судската администрација имаат посетувано обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители така што ги имаат исполнето потребните часови на задолжителна обука која треба во текот на годината да се реализира преку Академијата за судии и јавни обвинители.

### 2.2 ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во Основен суд Кочани се води исклучиво електронска евиденција на судски предмети и се спроведуваат сите постапки предвидени со Законот за управување со движење на предметите во судовите.

До 01.07.2019 год. е вршено тонско снимање на граѓански рочишта, согласно утврден распоред за користење на една судница која е опремена за вршење на тонско снимање, од кога тонско снимање не се врши поради нефункционирање на системот во делот на режење на ЦД, за кој проблем повеќе пати е информирано, меѓутоа во текот на 2021 год. повторно ќе се воведе распоред за постапување на судиите во граѓанска област со определени денови кој од судиите кога ќе врши тонско снимање, од причина што ваква опрема е инсталирана во една судница, па доколку се појават ситуации во кои странќите би инсистирале записниците да ги добиваат на ЦД наместо во писмена форма овој проблем ќе се решава инцидентно.

- Се врши електронска достава на судски акти преку Систем за електронска достава на судски документи до сите правни и физички лица

кои се корисници на Систем за електронска достава.

- Обезбеден е интернет пристап за корисниците заради електронска комуникација со институции
- Тековно и ажурно се врши објава на судски одлуки на web страната на судот.
- Се врши одржување на постојните хардверски и софтверски системи.
- Се врши back up на податоци согласно утврдени процедури.
- Се вршат интервенции во случај на настанати проблеми во врска со хардверски или софтверски компоненти
- Се врши скенирање на поднесоци преку Модулот за скенирање и електронски прием на скенирани поднесоци во АКМИС.
- ИКТ опремата во Основен суд Кочани делумно ги задоволува тековните потреби. И покрај извршените набавки на компјутерска опрема во употреба се и хардверски компоненти кои се веќе амортизирани и со карактеристики кои не ги задоволуваат потребите за брзо и ефикасно завршување на тековните активности.
- Основен суд Кочани има во употреба три софтверски апликации и тоа: Автоматизиран компјутерски систем за движење на судски предмети – АКМИС, Автоматизиран буџетски менаџмент систем – АБМС, и Систем за тонско снимање на граѓански рочишта кој е инсталиран во една судница – SRS FEMIDA.
- Во текот на 2020 година е извршена - адаптација на серверска просторија во Основен суд Кочани. За истата спроведена е постапка од мала вредност со објавување на оглас бр 10030/2020 од 09.07.2020 на ЕСЈН, која постапка се спроведуваше во електронска форма. Вкупната цена (договорена вредност) на овој договор изнесува 599.779,00 денари со ДДВ.
- На 18.01.2020 година од страна на СиТ Македонија извршена е замена на Check point уред во гарантен рок во Основен суд Кочани согласно Договор бр.02-232/20 од 23.09.2020 год.

## ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ

Во Основен суд Кочани има технички проблем со Системот за тонско снимање SRS FEMIDA. Имено, софтверот функционира на компјутер со инсталиран WINDOWS XP оперативен систем, но има проблем при снимањето на тонски и пишани записи од SRS FEMIDA на надворешен медиум односно CD. По доставените известувања за настанатите технички проблеми, имаше интервенција и сервисирање од страна на надлежна техничка екипа, но проблемот не се реши. Заради претходно наведеното,од тонски снимените граѓански рочишта на присутните странки на рочишта им се доставуваат писмени записници наместо CD – иња. Од другастрана, има неопходна потреба од мигрирање на системот SRS FEMIDA на компјутери со инсталиран WINDOWS 10 PRO оперативен систем, што не сме во состојба да го извршиме бидејќи за системот немаме никаква соодветна надградба.

Во Основен суд Кочани во употреба се компјутери кои работат на WINDOWS XP оперативен систем и на кои согласно процедурите има инсталирано програм за антивирусна заштита – KASPERSKI. KASPERSKI за WINDOWS XP нуди надградба до месец август 2020 год.,

што значи дека натамошната употреба на компјутери со инсталиран WINDOWS XP оперативен систем, би била невозможна (или крајно ризична).

Меморискиот простор за зачувување на податоците на серверите во Основен суд Кочани е со недоволен капацитет и неопходно е надградба на истиот, но сметам дека овој проблем ќе биде надминат со набавката на нови сервери која веќе е отпочната.

## 2.3 ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

- Во Основниот суд Кочани има три судници од кои во едната се одржува расправа по граѓански предмети а другите две се користат за одржување на претреси од кривичната област. Поради немањето на доволен број на судници најголем дел од судењата особено по граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите.
- Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем, меѓутоа сеуште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати, а особено сосотојбата на просториите за судската архива и складирање на одземани предмети е во незавидна состојба и е потребно итно реновирање на овие простории заради заштита на архивската зграда, поради влага во просториите и недоволно простор за сместување и чување на архивираните предмети.
- Во овој дел понатаму останува проблемот што во истата зграда е сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите.
- Во текот на 2020 год. од задниот дел на судската зграда е направено порамнување и проширување на просторот, и со тоа е направен функционален паркинг простор кој се користи како за потребите на вработените во судот така и за странките, кое нешто како проблем постоеше години наназад.
- Во текот на 2020 год. во дворното место на судската зграда исто така беше направена гаража – метална настрешница за заштита на службеното возило на судот.
- При крајот на 2020 год. без превземени активности за средување на трите тоалети во судската зграда заради подобрување на нивната функционалност.

За вршење на работа во судот има обезбедено информатичка опрема компјутери, печатари и истите се користат оптимално. Во најголем дел просториите се климатизирани.

- Во зградата има вградено алармни системи ДСЦ за кражба, аларм систем против пожар со автоматска дојава на пожар со сензорска детекција. Алармите се активни 24 часа, а исклучувањето и вклучувањето е со внесување на шифри. На секој спрат во зградата има вградено по 2 противпожарни хидранти кои во текот на 2020 год. беа сервисирани и е обезбедена потврда дека истите се во функција.

- Тивок аларм во судници бр. 1, 2 и 3 кој се вклучува со допир на копче а дисплејот од алармите е исталиран во пријавница кај судска полиција.

- Судската зграда надворешно е осветлена со 4 рефлектори кои во текот на 2020 г. поради неисправност беа земенети со нови со јачина од 30 вати, а дворната површина е заградена со бетонски зид и метална ограда во висина од околу 2 метра и има две капии со клизачи врати.

-Обезбедувањето во судската зграда го вршат 9 (девет) припадници на судска полиција 8 (осум) полицајци и 1 (еден) командир на судска полиција.

- Од вооружување и опрема има 8 пиштоли марка „ЧЗ" со различен калибар од застарени модели, 6 палици, 6 лисици, 6 опасачи, 1 панцир и 1 шлем.

- Метал детектор ПИНПОИНТ ПД 6500 и статиен 1 број, Рачни метал детектори 4 броја,од кои 3 броја марка ГАРЕТТ СУПЕР ВАНД и 1 број марка СУПЕР ОМНИ

- Видео надзор со 8 камери поставени 6 внатрешни и 2 надворешни, видеорекордер марка HIKVISION DS-722xx верзија, серија 1.2.2. Видеорекордерот и мониторот се исталирани во Пријавница кај судска полиција.

Во текот на 2020 г. поради неисправност беше извршена замена на 2 надворешни камери кои се наоѓаат на влезовите во судската зграда и неисправните камери се заменети со нови компактни модели на камери соодветни на видео рекордерот и тоа марка HIKVISION DS-2CE16COT-VFIR3F ОБЈЕКТИВ 2.8-12 мм. 720 пиксели.

**ПОТРЕБНО Е**

Технички сервис и контрола од стручни работници повремено да извршуваат проверка на исправноста на алармните системи.

I. Поставување на сензори со светло на надворешниот дел од зградата.

II. Задолжување на службено огнено оружје на еден од припадниците на судската полиција, бидејки се уште нема задолжено.

III. Задолжување со друго вооружување 9 пиштоли понови модели, автоматско оружје, нова целосна униформа и опрема за секој судски полицаец поради дотраеноста и застареноста на постоечката (облека, палици, опасачи, лисици) согласно новите правилници за вооружување на судска полиција.

IV. Ренген за ташни, актовки, затворени кутии.

V. Поставување на метална рамка со две врати со чип на просторот помеѓу први и втори кат, со кое што просторот каде што се наоѓаат канцелариите на Претседателот на судот и судиите ке

бидат крајно заштитени, зголемување на безбедноста на многу високо ниво, елиминирање на било каков ненајавен пристап на странки во просторот на судиските канцеларии.

## 2.4 ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

### 1. Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година направени се финансиски трошоци од редовниот буџет, од сметка 603, во вкупен износ од 30.078.601 денари. Во споредба со планираниот буџет за 2020 година, не ги надминува планираните (одобрени од Судски Буџетски Совет и Министерство за Финансии) за 54.590 денари. Од реализираниот вкупен буџет за категорија 40-плати и надоместоци реализирани се 26.076.191 денари. За категорија 42-стоки и услуги реализирани се 3.957,410 денари. За категорија 46-субвенции и трансфери реализирани се 45.000 денари.

Планираните, односно одобрени средства за 2020 година од сметката 631-сопствени приходи изнесуваат 1.118.779 денари.
Реализирани се буџетски средства од оваа сметка во износ од 773.610 денари од кои капитални расходи на категорија 48 – износ од 599.799 денари, што значи дека не ги надминува планираните средства за износ од 345.169 денари.

### 2.Финансиската анализа на направените трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.

Судот во 2020 година има пренесени обврски од изминати години по основ на материјални трошоци во вкупен износ од 1.029.829 денари. Поголем дел од овој долг е подмирен во тековната година заклучно со 31.12.2020 година. Како постари побарувања се водеа побарувањата спрема Биро за судски вештачења на почетокот на 2020 година кои со правосилна пресуда во износ 347.226 денари се отпишани и сметководствено прокнижени.

Долгот заклучно со 31.12.2020 изнесува 150.474 денари, а кој се однесува на комунални услуги за месец 12/2020, и истите ќе бидат реализирани согласно месечните планови за 2021 година.

Основен суд Кочани, 10.02.2021 година.

Претседател на судот,
М-р Сузана Милевска